# УВОДНИ СТИХОВИ





Прво тримесечје 1/2021

*Сабота, 1 јануари 2022*

## Страшниот сон ќе помине

Драги браќа и сестри, според Христовиот обичај сите сме дојдени денес, во сабота, во Господовиот дом да учиме од Неговите зборови и да најдеме утеха во Неговите ветувања.

Пред нас е нова година, со нови предизвици. Старата помина, а зад себе, за жал, остави жални и трагични последици, пустош врз здравјето на човекот и која како некој страшен сон го замрачи животот на мнозина. Всушност, дали некогаш сте сонувале дека сте сториле нешто страшно или вам ви се случило нешто страшно, а кога сте се разбудиле, сте биле среќни што тоа бил само обичен сон? Понекогаш таквото чувство на олеснение е толку силно што и самите мораме да се насмееме од среќа.

Пред неколку илјади години нашите прародители дозволиле да се случи нешто страшно, но во тој случај ниту гревот, ниту смртта не биле сон. Елена Вајт во книгата „Патријарси и пророци" (на стр.38) вели: „Кога во овенатото цвеќе и во опаднатите лисја ги виделе првите знаци на распаѓање, Адам и неговата придружничка тагувале повеќе и поболно отколку што денес лу-ѓето тагуваат за своите покојници. Смртта на нежното и милно цвеќе била навистина повод тие да почувствуваат болка; но кога величествените стебла ги отфрлиле своите лисја, таа сцена во нивниот ум живо го предочила суровиот факт дека смртта станала судбина на сè живо на овој свет".

Но иако реалноста на овој живот е обоена со гревот, знаеме дека овој страшен сон еден ден ќе помине, и ние сега живееме за една друга реалност. Апостол Павле во 1 Коринќаните 13 глава, рекол „Зашто, сега гледаме како во огледало - нејасно; но тогаш: лице во лице. Сега знам делумно, но тогаш ќе сознам целосно, како што и јас бев самиот наполно познат."

Браќа и сестри, пред околу 2000 години смртта е победена со смрт! Нашата смрт е победена со смртта на Божјиот Син! По оние два збора коишто нашиот Откупител во тешката душевна и те-

лесна болка ги изрекол на крстот, смртта станала само грозен сон! „Се сврши“ (Јован 19,30) „Христос умре за сите … и победата ја проголта смртта! О, смрт, каде ти е победата?“ (2. Коринќаните 5,15; 1. Коринќаните 15,54.55)

Секое утро кога ќе се разбудиме и ќе го здогледаме прекрасното сонце и синото небо, и кога ќе го вдишеме првиот утрински зрак, со олес нување и радост да се насмевнеме што смртта е само грозен сон, што нашите гревови со Христовата крв можат да бидат простени и со поглед полн со надеж да чекориме кон конечната реалност, кога гревот ќе помине, кога „Самиот Бог ќе биде со нив, и ќе ја избрише секоја солза од нивните очи, и смрт нема да има веќе, ни тага, ни плач, ниту болка, зашто првото помина“. И таму „ноќ нема да има веќе и не ќе им биде потребна светлина од светилка, ни светлина од сонцето, зашто Господ Бог ќе ги осветлува, и ќе владеат во веки веков!“ Амин!

*Сабота, 8 јануари 2022*

## Најмилиот ден

Мили мои браќа и сестри, драги пријатели, му благодарам на нашиот небесен Татко што ни го подари овој саботен ден и ни ја подотвори вратата на вечноста и ние уште сега можеме да го почувствуваме тој прекрасен едемски мирис на вечната радост, љубов, среќа и света Божја присутност.

Што е Саботата? Саботата е споменик на создавањето. Секоја година нашата државна делегација положува венец на спомениците на јунаци што придонеле нешто за нашата држава. Во свечена тишина му се оддава почит на некој кој својот живот го положил за слободата. Потоа претседателот запишува одбрани мисли во книгата за впечатоци. Споменицитe обично им се подигаат на умрените великодостојници за да ги потсетуваат луѓето на големите и значајни дела што тие ги направиле во нивниот живот. Браќа

и сестри, нашиот Бог е наш јунак, нашиот Бог е жив, нашиот Господ Исус Христос го положил својот живот за да бидеме слободни од оковите на гревот!

Овој свет саботен ден е жив споменик, или подобро кажано, споменик на создавање на големото дело на Божјата љубов, милост и мудрост. Да положиме свежо и мирисно цвеќе, да ги ставиме нашето покајание, помирување, љубов и благодарност пред Бога! Да ги запишеме нашите искрени молитви во небесните книги на впечатоци! Саботата да ја наречеме милина и да ја најдеме радоста во Господа; „Јас ќе те изведам по земните височини" зашто Господовата уста зборуваше" (Исаија 58,14).

*Сабота, 15 јануари 2022*

## Божјата љубов

Браќа и сестри, синови и ќерки Божји! Му оддаваме хвала на нашиот небесен татко што во Неговата милост и љубов можеме и ова саботно утро непречено и во мир да „се наситиме наутро со Неговата добрина за да се радуваме и да се веселиме во сите овие наши дни!" (Псалм 90,14).

Царот Соломон во својата молитва побарал од Господа „разумно срце за да може да му суди на израелскиот народ и да го распознава доброто од злото" (1. Царевите 3,9); „и на Господа му беше мило" и „во Соломон беше мудроста Божја во изречувањето на правдата" (1. Царевите 3,28).

Сите ќе се сложиме дека Соломон право пресудил кога новороденчето, она мало детенце ѝ го доделил на вистинската мајка, онаа која не се согласила детето да биде пресечено со меч на половина. Во нејзината согласност детето, само за да остане живо, макар и да ѝ припадне на другата жена (која не го родила), овој мудар цар ја препознал вистинската љубов и оваа прекрасна мајка го добила својот син назад.

Бог има само еден единороден Син, кој во својата огромна и несебична љубов кон нас не ни дал само половина, туку го дал целиот свој Син. Љубовта на вистинската мајка се огледала во нејзиното одбивање детето да биде усмртено. Љубовта Божја се огледа во подготвеноста Неговиот Син да умре со најлоша смрт за ние да живееме.

Браќа и сестри и драги пријатели, нашиот небесен Татко толку многу нè сака што го жртвувал својот единороден Син за да можеме ние да се наречеме негови синови и ќерки! Нека нашата заедничка песна се воздигне до Божјиот престол! Да се радуваме и да го израдуваме нашиот небесен Татко и нашиот драг Спасител и сите Божји ангели!

*Сабота, 22 јануари 2022*

## Земете го сето Божјо оружје

Избран народе, царско свештенство, свет народе, народе на доблести! (1. Петрово 2,9). Да бидеме радосни во овој свет саботен ден што сме за уште една седмица поблизу до денот во кој ќе биде избришано злото, до денот кој ќе внесе нов живот преку Христа во нас. И додека во овие моменти на смиреност и понизност ги наведнуваме нашите глави во молитва, нашите духовни очи и нашите мисли нека бидат издигнати високо, таму каде што живее нашиот Бог (Ефесјаните 6,11.14-17)

Времето на витештвото и средновековните замоци е далеку зад нас. Оклопите на храбрите витези и нивната опрема денес може да се види само во музеите; кој видел еден таков оклоп или читал некогаш француски витешки романи, не може, а да не се запраша како можеле тие луѓе да се движат со толку многу челик на себе.

Нашиот верен Спасител нè повикува нас, преку својот слуга апостолот Павле да се облечеме во „оклоп на правдата, да го земеме штитот на верата, шлемот на спасението и мечот на Духот“, и

со таа опрема да „ја трчаме со трпение трката што ни претстои“ (Евреите 12,1). Изгледа ли неизводливо?

Точно е дека денес „опремата“ на еден христијанин на овој свет денес му се чини старомодна. Во овој свет на замрзната љубов и оптовареност со материјализмот, христијанинот облечен во облеката исткаена од љубов, облека на радоста, трпението, добрината, милоста, верата, кроткоста и воздржаноста, ќе изгледа како витез од средниот век. И додека поголемиот дел од луѓето денес трча по пари, задоволства, им се чудат на малубројните заталкани средновековни витези, кои со полна опрема трчаат во спротивен правец од нивниот. Тие го слушаат повикот да се облечат како нив и да ја трчаат непопуларната и непривлечна трка, и да тргнат по патот по кој ретко се оди.

Браќа и сестри, „нашата војна не е со крв и тело, туку со поглаварите и властите, управителите на темнината на овој свет, со духовите на злото под небото“, и затоа ни е неопходно сето Божјо оружје, за да се одбраниме и усовршувајќи се, да се одржиме во лош ден.

Затоа, да се облечеме во Христа и да не се срамиме од неговото евангелие! Да не се срамиме од тој витешки оклоп во кој можеби нема да нѐ примат на многу приеми и коктели на овој свет, но ќе бидеме добредојдени на вечерата на свадбата на Јагнето.

*Сабота, 29 јануари 2022*

## Единствена заштита

**„Зашто нашата борба не е против крвта и телото, туку против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“ (Ефесјаните 6,12).**

„Закон и сведоштво барајте. Оној што не зборува така, за него нема зора“ (Исаија 8,20). Божјиот народ е упатен да го чита Све-

тото писмо како заштита против влијанието на лажните учители и заводничките сили на духовите на темнината. Сатаната применува секакво лукавство луѓето да ги спречи да се здобијат со знаење од Библијата, зашто нејзиното јасно учење ги открива неговите измами. Секое оживување на Божјето дело го поттикнува кнезот на злото кон поголема активност. Тој сега ги вложува последните напори за завршната битка против Христа и неговите следбеници. Наскоро пред нас ќе се покаже последната голема измама. Антихрист пред нашите очи ќе прави чуда. Она што ќе го имитира тој ќе биде толку слично со вистинското, што не ќе може да се разликува едното од другото, освен со помош на Светото писмо. Секое тврдење и секое сторено дело мора да се испитаат со сведоштвата на Писмото.

Оние што се трудат да ги држат Божјите заповеди ќе бидат замразени и исмевани. Тие можат да опстанат само во Бога. За да можат да ги издржат искушенијата што ќе дојдат, мора да ја разберат Божјата волја онака како што е откриена во неговата Реч. Тие можат Бога да го почитуваат само тогаш ако правилно го сфатат неговиот карактер, неговото владеење и неговите намери и ако живеат сообразно со нив. Последната голема битка ќе можат да ја издржат само оние кои своите души ги засилиле со вистините на Библијата. Секој поединец ќе стои пред прашањето: дали повеќе ќе го слуша Бога или човек? Решавачкиот час сега е пред врата. Дали нашите нозе се втемелени на карпата на непроменливата Божја реч? Дали сме подготвени цврсто да застанеме во одбрана на Божјите заповеди и на верата Исусова?

*Сабота, 5 февруари 2022*

## Покана за вечера

Мили браќа и сестри, го фалиме нашиот небесен Татко во овој преубав саботен ден што преку својот Син создаде сè што гледаме и што сега не можеме да видиме, што нè создаде нас како не-

гови синови и ќерки. Денес седиме крај Исусовите нозе и се трудиме да слушнеме каква е неговата порака што ни ја упатува преку своите слуги проповедници! Да се нахраниме од Неговите зборови и да пиеме од изворот на живата Реч!

„Небесното царство прилега на цар, кој беше подготвил свадбена гозба за сина си, па ги испрати своите слуги да ги повикаат поканетите на гоштавка, но тие не сакаа да дојдат". Секој си отишол по некоја своја работа, а некои дури се дрзнале да ги убијат царевите слуги. „Тогаш им рече на останатите слуги: Гозбата е готова, ама гостите не беа достојни. Одете сега по раскрсниците и сите што ќе ги најдете, поканете ги на свадбата... и свадбената сала да се наполни со гости". Кога царот излегол да ги види гостите, видел еден човек необлечен во свадбена облека. Тој човек не можел да присуствува на свадбата. „Бидејќи множина се поканети, но малкумина се избрани... блажен е оној кој јаде леб во царството Божје" (Лука 14, 15) Блажени се оние кои се поканети на свадбената вечера на Јагнето (Откровение 19,9).

Секого од нас дома го очекува едноставна, но вкусно приготвена здрава храна. Некои од вас сигурно ќе ручаат со своите пријатели. Но, да не мислиме сега на тоа, туку да се обидеме да ги издигнеме нашите мисли високо над овоземното, да ги пренесеме за момент таму каде што живее Бог. Во свечена тишина стоиме, набљудувајќи како еден мал облак сè повеќе и повеќе се приближува и станува сè посветол. Исус доаѓа по нас, и сите ние заедно на облакот доаѓаме до стакленото море каде што Исус ни става круни на главата. Седиме под дрвото на животот и задоволни ја разгледуваме околината. Заедно со Исуса се симнуваме на Земјата, а по нас и Новиот Ерусалим. На Сион, надвор од градот, го гледаме величествениот храм и го разгледуваме. Исус накратко нè остава и оди во градот, „но набргу повторно го слушаме Неговиот мил глас: 'Народе мој дојдете, вие кои сте дошле од голема неволја, сте ја твореле мојата волја и сте страдале за мене; дојдете на вечерата, а јас ќе ставам наметка и ќе ве послужам'. Тука е масата од чисто сребро, долга многу километри, а сепак дофатлива со поглед за секое око. А на масата стои плод од дрвото на животот, ма-

на, бадем, смокви, калинка, грозје и многу други видови овошје“. Да, тоа така ќе изгледа. Сите ние сакаме да го јадеме тоа убаво овошје, баш како и Елена Вајт која од Бога ја добила оваа визија.

Ако побараме малку по своите фиоки сигурно ќе најдеме визит – карти на наши пријатели, стари писма и сметки за телефон и комуналии, ќе најдеме и една необична покана за „вечера на Јагнетовата свадбата“, необична, бидејќи на неа нема датум.

Затоа, браќа и сестри, го сакаме нашиот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа, со своите мисли, со сета своја сила, и ближниот наш како самите себеси. Да го чуваме секој негов збор, секоја буква од пророштвото на оваа книга. Да не ја загубиме никаде оваа покана, туку да ја чуваме на видно и безбедно место. А „кога ќе ја чуеме Божјата труба и сам Господ нѐ собере нас, кога вечното утро ќе почне да сјае, и кога спасените ќе влезат низ вратата во светиот Град, во тоа големо мноштво морам да бидам и јас“.

*Сабота, 12 февруари 2022*

## Да ги сакаме ближните како себеси

Драги мои браќа и сестри, сите вие кои се подготвувате да го наследите царството, зборувајте за Божјата правдата пред големиот собор; кажувајте за Божјата верност и за Неговото спасение!

„И дојдоа во Капернаум, и кога беше во куќа, Тој ги праша: што се расправавте попат? А тие молчеа; бидејќи патем се препираа меѓусебно за тоа кој е најголем“ (Марко 9,33-35).

Разумот на паднатиот човек би ја прифатил секоја друга варијанта која одговара на прашањето „кој е најголем“, освен онаа што Исус им ја дал на своите ученици, а и на сите нас. Слугите, во куќите на своите богати господари, биле понижувани и потценувани; на нив се гледало од висина со извесна доза на жалење. Меѓутоа, постои еден богат Господар, најбогат во целата вселена, кој од големите височини се спуштил на најниско ниво, на ниво на пад-

натиот човек, и станал најголем Слуга на светот. Исус Христос, Божјиот Син, дошол да служи, да ја даде својата душа за да нè откупи нас. Кога сам Господ станал слуга на човекот, со колку поголема радост треба да си служиме едни на други. Не е важно кој е најголем, туку дали и јас ќе ја заземам онаа положба на која со сите дарови што Бог ми ги дал, најдобро ќе го славам Дарителот.

Исус му кажал на Петра со каква смрт ќе умре. (Јован 21,20-22).

Премногу често се споредуваме и се натпреваруваме со другите, сè со желба да ги надминеме, наместо да вложуваме напори да се надминеме себеси, своите уверувања и стагнацијата на духовниот раст. Истата љубомора ги исполнила срцата на учениците кога слушнале дека Јаков и Јован, синовите Заведееви, сакаат да бидат еден од десната, а другиот од левата страна на Исус и Неговата слава (Марко 40, 41). Сите знаеме нека нечија љубомора, а ние знаеме чија, го означила почетокот на падот. Луцифер, херувим засолнувач, печат на совршенството, во своето срце посакал да се изедначи со Севишниот, па дури и да го подигне својот престол над ѕвездите; сакал да ја заземе Христовата положба, сметајќи дека само на неговата тогашна положба може да му биде добро.

Затоа, кога кај нас ќе се јави љубомора, треба да бидеме свесни каков дух нè води, но исто така знаеме дека Исус умрел на крстот за да нè ослободи од тоа ужасно чувство. Да се молиме Исус да ни ја оттргне не само љубомората од срцето, туку и секоја друга лоша особина кој нè спречува да го сакаме ближниот како самите себеси и на другите да им укажуваме поголема чест.

*Сабот̄а, 19 февруари 2022*

**Благороден духовен дожд**

Денот е студен (можеби и дождлив), а ние, браќа и сестри, и оваа сабота се собравме во домот Господов да нè огрее сонцето на Неговите Зборови, и во овој студен ден да ја почувствуваме топлината на Неговата љубов.

На што ве потсетува зборот дожд во Библијата? Во 1. Мојсеева 7,11.12 читаме: „Кога Ное имаше 600 години, таа година во вториот месец, во седумнаесеттиот ден во тој месец-бликнаа сите извори на големата бездна и се отворија небесните брани; и удри да паѓа дожд по земјата четириесет денови и четириесет ноќи“.

Пред околу 3500 години човечката непослушност на Земјата била голема, и сите мисли во нивните срца биле само зли; луѓето толку ја наполниле земјата со беззаконие, што милостивиот Создател морал и Земјата и луѓето, освен Ное и неговото семејство, да ги уништи со обилен дожд – потоп.

Браќа и сестри, сега е „времето Ноево“, и ние, според Татковото ветување, чекаме обилен дожд, но не дожд кој сотрува и поплавува, туку оној кој ќе ја натопи земјата и ќе ја направи плодна. Оној дожд се излил врз безбожниците за да ги уништи, а овој ќе се излее на нас, Божјите деца, за да нè обнови. „И во последните денови, вели Господ, ќе излеам од својот Дух на секое тело… “ (Дела 2,17). „Тогаш ќе го познаеме Господа, и сè повеќе ќе го познаваме; бидејќи неговото излегување е како зора, и ќе ни дојде како дожд, како дожд кој ја натопува земјата“ (Осија 6,3).

Да го повикуваме во својот живот благородниот духовен дожд со постојани молитви! Небесните брани желно чекаат да излеат на нас изобилство благодети на Светиот Дух, за да се натопи сувата земја и житото да роди, да дојде Господарот и да ја однесе летнината во небесните амбари!

*Сабота, 26 февруари 2022*

## Отвори ја вратата на своето срце

Шабат шалом, народе Божји! (Саботен благослов – на еврејски јазик)

Дали денес забележувате нешто посебно? Дали чувствувате нешто необично? „Никој никогаш не го видел Бога… “ (Јован 1,18),

но Тој сигурно е сега овде, како и во илјадници свои молитвени домови ширум нашата планета. Нашиот Господ сака да го излее својот Дух на сите свои деца, да нè поучува и да нè теши, да нè подготви за блиската средба со него.

Многу куќи денес се познати по тоа што во нив некогаш живееле великани на човечката историја. Тие куќи денес се музеи коишто мноштво луѓе со почит ги разгледуваат во рамките на организирани туристички посети. Обично се вели дека само едно место е дом, а Бог сака да има 6 милијарди домови! „…Како што кажа Бог: ќе се вселам во нив, ќе живеам во нив и ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат мој народ“ (2. Коринќаните 6,16). А нашиот Откупител повторува: „Ако некој ме љуби ќе го држи моето слово; и мојот Татко ќе го љуби; при него ќе дојдеме, и при него ќе се настаниме“ (Јован 14,23).

Сите знаеме дека нашиот Создател е временски и просторно неограничен; секаде е во исто време, Тој е сеприсутен, но постои едно место каде Тој сака посебно да живее, а тоа е нашето срце. Исус вели: „Еве стојам на вратата и чукам, ако некој го чуе мојот глас и ја отвори врата, ќе влезам при него, и ќе вечерам со него и тој со мене“ (Откровение 3,20) Неговите нежни зборови полни со љубов и денес одѕвонуваат во нашите уши: Светлана, Марија, Сашо… „Слегни брзо, бидејќи денес ќе бидам во твојата куќа“. (Лука 19,5).

Да се симнеме брзо, и да го примиме со радост Него, кој чека да влезе во нашиот дом!

*Сабота, 5 март 2022*

## Бог се грижи

Драги Божји дечиња, навистина е величествена и самата помисла дека со празнувањето на саботата, и со ова денешно богослужение, ја продолжуваме традицијата долга околу 6000 години, која

води потекло од истиот оној Рај каде што живееле Адам и Ева, а каде што уште малку ќе одиме и ние. До пред неколку години активно трчав. Трчав покрај река, но бидејќи кејот ми беше далеку од дома, дотаму одев со велосипед. Велосипедот го оставав во близината на еден ресторан, но претходно го заклучував. Во една пригода, тука затекнав некои сомнителни момци, кои во полушега рекоа дека ќе ми го украдат велосипедот (а кражбите беа многу чести). По кратко размислување за тоа како да го сочувам велосипедот а сепак да ја истрчам патеката, со сериозен глас им реков: „Пазете, Бог ве гледа". Во тоа време јас сè уште доволно добро не го познавав Бога и не можев со сигурност да тврдам дека Тој воопшто нè набљудува, но очигледно е дека за Бога ја имав истата претстава како и повеќето луѓе денес – дека Тој е строг судија кој казнува."

Како Бог нè набљудува и зошто? Во 33. Псалм 13.14. и 19. пишува: „Господ набљудува од небесата и ги гледа сите синови човечки; од престолот на кој седи, ги гледа сите кои живеат на земјата, окото Господово е над оние кои се бојат од него, и над оние кои се надеваат на Неговата милост. Душата нивна Тој ќе ја спаси од смртта и ќе ги прехрани во денови на глад".

Родителите сигурно се сеќаваат како будно внимавале над своите деца додека тие проодувале. Кога сте им зборувале: Ајде, дојди сега до мама / тато, а тие и на таа кратка релација паѓале и заплачувале. Сигурно сте ги подигале во своите прегратки тешејќи ги. Истото тоа го прави и нашиот небесен Отец. И кога од млеко преоѓаме на цврста храна, ние секогаш ќе бидеме Негови дечиња. И додека нашиот соперник, ѓаволот, како лав рикајќи ја обиколува Земјата и кружи, барајќи кого да проголта, нашиот небесен Отец гледа на нас од својот небесен стан, спремен да ни помогне во секој момент.

„Ги подигаме нашите очи кон горите од каде што ни доаѓа помош" (Псалм 191,1), ја прифаќаме Неговата нежна, но силна рака, и не ја испуштаме. Да не заборавиме да му заблагодариме за неговата грижа и нежна љубов кон сите нас.

*Сабота, 12 март 2022*

## Како трчаш?

„Благодат, милост и мир од Бог Отецот наш и Христос Исус нашиот Господ“. Најнапред му заблагодарувам на нашиот Бог преку Исуса Христа за секој присутен во Господовиот дом.

Во едно списание еднаш видов интересен наслов: Сабота – ден за трчање. Илјада луѓе трчаа во текот на тој ден, за на крајот само еден од нив да го добие победничкиот пехар. А каква е христијанската трка, каква е нашата трка? Апостол Павле вели: „Знаете ли дека оние кои трчаат на трка, сите трчаат, а еден добива дар? Така трчајте да добиете. Секој пак кој се бори од сѐ се воздржува: значи тие да добијат распадлив венец, а ние нераспадлив“ (1. Коринќаните 9,24.25). Христијанската трка почнала многу одамна и не се знае точно колку ќе трае. Меѓутоа, имаме ветување дека и таа има своја цел. Луѓето од сите раси, низ вековите, баш како и апостол Павле, трчале и сѐ уште трчаат „кон наградата, кон дарот на кој сме повикани, кој е во Исуса Христа“.

Учесниците во разни натпреварувачки дисциплини се освежуваат со вода. Исто така и ние се полниме со сила и животна вода од вечниот Извор, вечната Карпа. Ние не треба да ги престигнуваме другите, туку, не свртувајќи се, нашиот стар човек да го оставиме зад себе. Ако, пак, се свртиме, се сопнеме или паднеме, Исус е нашиот дежурен Лекар кој ќе ги превие и излечи нашите рани и преку своите помошници ангелите ќе нѐ храбри да ја продолжиме трката. А на целта, сите учесници можат да добијат круна. Сите можат да бидат победници.

Да се молиме браќа и сестри, и за себе и едни за други, да не се откажуваме, туку и ние, како и апостолот Павле, да можеме да кажеме: „Извојував добра борба, го завршив трчањето, ја запазив верата“ (2. Тимотеј 4,7).

*Сабота, 19 март 2022*

## Пијте од Изворот на живата вода

Драги браќа и сестри, му благодариме на Бога што во нашите срца ја ставил желбата секоја сабота заедно да се сретнеме со Него на еден посебен начин. Чувствувам благодарност што ова утро можам да кажам: „Се израдував кога ми кажаа: дојдете во домот Господов!“ (Псалм 122,1) Во Светото писмо има многу личности од кои можеме да се поучиме. Нашиот голем Учител нѐ советува да се поучиме од Лотовата жена. (Матеј 17, 32). Господ му испратил на Лот свои ангели да ги изведат од градот него и неговото семејство пред тој да биде срамнет од оган.

Можеби веднаш не би станале солен камен, но нашето срце, поради честото обѕрнување назад може постепено, но и целосно да се стврдне и скамени. Затоа она што е лошо треба што поскоро да го заборавиме, а да се стремиме кон она што е пред нас! Да му веруваме на нашиот Татко кога ни вели дека е подобро на ридот, отколку во раскошниот Содом, бидејќи кога ќе се искачиме на тој рид ќе го видиме небесниот Ерусалим кој нѐ чека на крајот од патот.

Дојдовме на Твојот повик во Твојот дом, сите заедно да пиеме жива вода и да јадеме од лебот на животот. Пријатели наши, браќа и сестри, „да влеземе во неговиот стан, да се поклониме во подножјето на неговите нозе“ (Псалм 132,7).

Многу одамна големиот грчки филозоф, Сократ, бил осуден на смрт бидејќи ја расипувал младината проповедајќи некои нови богови кои државата не ги признавала. Казната била извршена со испивање на еден пехар кукута, еден вид отров.

Пред околу 2000 години, нашиот Спасител бил обвинет дека му проповеда на народот назаретска ерес. И нашиот Господ го испил пехарот а потоа умрел. Тоа била чаша полна со болка, понижувања, со душевни и телесни страдања што не можат да се опишат, чаша што ја испил Тој, за да не патам јас и целиот човечки

род. Жална била Христовата душа до смрт, и трипати се молел таа ноќ: „Татко мој! Ако е можно да ме заобиколи оваа чаша; но не како што сакам јас, туку ти… нека биде волјата твоја“ (Матеј 26, 39). Испивајќи ја чашата на смртта, третиот ден, станал, оживел и на сите нас ни подарил живот, и не само овој, туку вечен живот.

Колку луѓе постојат на овој свет денес кои пијат од чашата на сатанскиот отров, не знаејќи дека тоа на крајот ќе ги убие. Колкумина се оние – кои, не знаејќи за Христа и вечниот живот, а бидејќи се несреќни во овој живот – испиваат отров прекратувајќи го на тој начин својот живот.

Да им кажеме дека Некој веќе ја испил чашата на болката за сите нас; да ги повикаме заедно со нас да пијат од Изворот на живата вода!

Исус не повикува, как онекогаш Самријанката: „Кога би знаела за Божјиот дар и Кој е Оној што ти вели: ‘Дај ми да пијам,’ ти би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода.“

*Сабота, 26 март 2022*

## Дали носиме плод?

„Живееме во најсвечениот отсек од историјата на овој свет. Судбината на луѓето кои ја преполниле земјата набргу треба да се реши. Нашето лично идно добро, а исто така и спасението на другите души, зависи од патот по кој ќе појдеме сега. Потребно е да нè води Духот на вистината. Секој Христов следбеник треба сериозно да се праша: „Господе, што сакаш да правам?“ Ние треба да се понизиме пред Бога со пост и молитва и многу да размислуваме за неговата Реч, а особено за настаните поврзани со судот. Сега треба да бараме длабоки и живи искуства со Бога. Не смееме да загубиме ниту еден миг. Околу нас се одигруваат настани од најголема важност: ние се наоѓаме на сатанска маѓепсана почва. Не спијте, Божји стражари! Непријателот е близу и дем-

не, подготвен секој миг да скокне врз вас и да ве стори свој плен, само ако ви падне духот и ако задремете.

Мнозина се измамени во врска со својата вистинска положба пред Бога. Тие се задоволни со себе што не сториле лоши дела, а заборавaат на добрите и благородни дела што ги бара Бог од нив, а занемариле да ги сторат. Не е доволно тие да се дрвја во Божјата градина. Бог очекува од нив плод. Тој ги прогласува за одговорни за сите добра што можеле да ги сторат со негова милост а не ги сториле. Во небесните книги тие се запишани како луѓе коишто ѝ пречат на земјата. Но дури и нивниот случај не е сосем без надеж. За тие што не ја ценат Божјата љубов и ја злоупотребуваат неговата милост, срцето на Љубовта кое долго трпи сè уште се моли. „Затоа вели: 'Стани ти што спиеш, воскресни од мртвите и Христос ќе те осветли!' И затоа, внимавајте како живеете, зашто дните се зли“ (Ефесјаните 5,14-16).

Псалмистот кажува: „Размислувам за твоите сведоштва.“ „Со твоите заповеди станав разумен, затоа ги мразам сите лажни патишта“ (Псалм 119,99.104).

„Блазе на човека кој се здобил со мудрост.“ „Тој е сличен на дрво посадено крај вода што ги насочува корењата кон потокот; тоа не знае кога настанува припек; лисјата му се зелени. Во време на суша не се плаши и не престанува да дава плод“ (Мудри изреки 3,14; Еремија 17,8).

# ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
# 1/2022
**Уводни стихови**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**